## СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ ОД ПОЛЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ НАУКИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ

**Табела 4.1.** Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

| СТРУКТУРАТА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **семестар** | **Реден број или код** | **Назив на предмет/активност** | **Број на ЕКТС кредити** | | **Припадност на предмет/активност согласно ЗВО** |
| | | | **Задолжителни предмети/активности** | **Изборни предмети** | |
| **ПРВ семестар** | 4PF300122 | Методологија на научно истражувачката работа | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 4PF360022 | Анализа на јавни политики | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | табела 4.2 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.2. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ВТОР семестар** | 4PF360122 | Модели на демократизација и унапредување на човековите права во посткомунистичките системи | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | 4PF360222 | Политичка култура и политичка социјализација | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.4 предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | табела 4.3 | **Изборен факултетски** предмет од табела 4.3. | | 5 ЕКТС | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| | 4PF361022 | **Докторски семинар** | 5 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.1 организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ТРЕТ семестар** | 4PF361122 | **Подготовка, изработка и** | 25 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.2 независен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **презентација на независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)** | | | истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| | 4PF361222 | **Учество во образовен процес** | 5 ЕКТС | | Член 136 ст.18. т.4 предавања и друг вид комуникациски активности |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ЧЕТВРТИ семестар** | 4PF361322 | **Подготовка и поднесување на пријава за тема на докторски труд и истражување** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 изработка на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | 4PF361422 | **Учество на меѓународни собири** во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество | 5 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество |
| | 4PF361522 | **Објавувањето на труд во референтна научна публикација** | 5 ЕКТС | | **ч. 136, ст.13** Во установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација **ч. 136, ст.18, т.5** објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| | 4PF361622 | **Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој** | 10 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.3 меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој** |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ПЕТТИ семестар** | **4PF361722** | **Изработка на докторски труд** | 20 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.6 изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **проект** |
| | **4PF361822** | **Учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со сертификати за учество** | 5 ЕКТС | | **ч. 136, ст.18, т.5 учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се потврдува со најмалку еден сертификат за учество** |
| | **4PF361922** | **Објавување на труд во референтна научна публикација** | 5 ЕКТС | | **ч. 136, ст.13** Во установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два труда во референтна научна публикација **ч. 136, ст.18, т.5** објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |
| **ШЕСТИ семестар** | 4PF362022 | **Изработка на докторски труд** | 20 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| | 4PF362122 | **Јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект** | 10 ЕКТС | | ч. 136, ст.18, т.6 изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект |
| **ВКУПНО: 30 ЕКТС** | | | | | |

**Табела 4.2.** Изборни наставни предмети на студиската програма прв семестар

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4PF360322 | Национализам и етнички конфликти | 1 | 5 | 51125 |
| 2. | 4PF360422 | Политички движења и синдикати | 1 | 5 | 50703 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | 4PF360522 | Современи изборни системи и изборни кампањи | 1 | 5 | 50701 |
| 4. | 4PF340422 | Надворешна, безбедносна и одбранбена политика на Европската унија | 1 | 5 | 50811 |
| 5. | 4PF360622 | Наука за управата | 1 | 5 | 50624 |
| 6. | 4PF350822 | Институционален и правен поредок на Европската унија | 1 | 5 | 50811 |

**Табела 4.3.** Изборни наставни предмети на студиската програма втор семестар

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | ЕКТС | Научна област на која му припаѓа изборниот предмет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4PF360722 | Парламентаризам | 1 | 5 | 50700 |
| 2. | 4PF360822 | Современи теории на управување и одлучување | 1 | 5 | 50900 |
| 3. | 4PF350322 | Политики на одржлив развој | 1 | 5 | 50903 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Примено: 06.02.2024
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0801 | 164/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03 - 423/14
30.01. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 55 седница одржана на 31.03.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Политички систем", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Политички систем", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на политички науки од областа на Политички систем /во меѓународен промет академски назив: Doctor of political sciences Phd in political systems.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, Научно – истражувачко поле: 507 Политички науки, Научно – истражувачка област: 50701 Политички системи.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Јован Ананев, проф. д-р Страшко Стојановски, проф. д-р Јадранка Денкова.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0202 -256/32 од 29.03.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Политички систем", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809 -312/6 од 20.04.2022 година (наш бр. 08 - 423/1 од 21.04.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40-та седницата одржана на 24.06.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 423/8 од 22.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 55-та седница одржана на 31.03.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 22 октомври 2024 година
Бр. 41-9724/7

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 30/10 24 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 789/1 | | |

До
Министерството за образование и наука
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41- 9724/6 од 22 октомври 2024 година.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Далибор Станојковски, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |

Прилог: 1

Доставено до:
- Агенција за квалитет во високото образование
- Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година, дава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 30 10 24 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 799/1 | | |


**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-423/14 од 30.1.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави барање бр. 0809-182/1 од 9.2.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-155/1 од 15.2.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-155/2 од 8.8.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.8.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -155/3 од 26.8.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички системи" на Правен факултет, при Државен универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-9724/6**
**22 октомври 2024 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Влада на Република Северна Македонија – Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut – Скопје-Shkup

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата